# АПЛИКАЦИЈА ЗА ЈАВНИ И ПРИВАТНИ ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА

Апликацијата за Јавни и Приватни Царински Складишта е наменета за лесно и прегледно водење на евиденција за работата на еден или повеќе Јавни или Приватни царински складови, како и за водење евиденција за Простории за привремено чување. Во неа се опфатени сите аспекти од работата на складови од тип **A**, **C** или **D** и Простории за привремено чување според позитивните законски прописи кои важат во Р.Македонија : прием на стока според царински документи, разни вообичаени форми на ракување кои може да се јават во врска со примената стока, евиденција на извршени дополнителни услуги, делумно или целосно искладиштување на стока со можност за нејзино префрлање во обичен склад (заедничко чување), како и изработка на фактури за извршените услуги.

## Јавен Царински склад

При пријавување за секоја стока се доделува уникатен магацински број по кој таа може да се референцира низ апликацијата. Пријавувањето на стока во јавен царински склад е прикажано на сликата подолу.




Слика 1 : Влез во јавен царински склад

Во текот на престојот во складот врз стоката може да се извршат повеќе вообичаени форми на ракување, а врз основа на добиен царински документ. Апликацијата нуди можност за детален увид во сите промени во податоците, вклучувајќи ги при тоа и корекциите на погрешно внесени податоци. Опцијата за промени е прикажана на сликата подолу.




Слика 2 : Законски промени на стока во јавен царински склад

Стоката во текот на престојот во складот може да се задолжува и со дополнителни услуги кои ги нуди складиштарот. Кои услуги се нудат и по која цена дефинира складиштарот во опцијата Ценовник. Со посебна опција за евидентирање на склучени договори со коминтенти е овозможено доделување посебни услови за плаќање за одредени или за сите услуги за еден коминтент. Додавањето услуги е прикажано на сликата подолу.




Слика 3 : Дополнителни  услуги

Излезот на стока може да биде еднократен или дел по дел. Доколку сопственикот не ја подига стоката веднаш овозможено е нејзино автоматско префрлање во евиденција во некој од обичните складови за заедничко чување. Опцијата за излез е прикажана на сликата подолу.




Слика 4 : Излез на стока од јавен царински склад

При излез на стока е овозможено автоматско генерирање на фактура за сите услуги направени за магацинскиот број до тој момент.

Апликацијата нуди можност за печатење на потврда за секоја од погоре наведените активности и тоа на А4 или на А5 формат на хартија по желба на корисникот.

## Евиденција на искористеност на Гаранција

Од аспект на водење Евиденција за искористеност на Гаранцијата, апликацијата нуди два начина за пресметка на искористеноста и тоа:

- <u>прецизна пресметка:</u> со внес на точен износ на царински долг со кој се оптоварува Гаранцијата за секое наименување од декларацијата при влез на стока и со внес на точен износ на раздолжување на царинскиот долг за стока која излегува е овозможено добивање прецизен износ на искористеност на Гаранцијата во секој момент
- <u>процентуална пресметка:</u> износот со кој се оптоварува Гаранцијата се пресметува процентуално од фактурната вредност на стоката, при што процентот се задава по потреба при извршувањето на секоја пресметка

На сликите подолу се прикажани двете наведени постапки за пресметување на оптовареноста на Гаранцијата.




| Склад | Година | Z број | Наим. | S број | М.број | Примач | Опис | Почетна | Крајна |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2006 | 000148 | 01 | | 000022 | ФАРОС | РАЗРЕДУВАЦ | 361.80 | 361.80 |
| 1 | 2006 | 000689 | 01 | 004047 | 000090 | фазлија зимр | ПМВ | 18390.00 | 18390.00 |
| 1 | 2006 | 001170 | 01 | | 000045 | СОБИМ | МАНОМЕТРИ | 3.00 | 3.00 |
| 1 | 2006 | 001185 | 01 | | 000039 | ЕУРО ХЕМИКАЛ | АЛКОХОЛМАТАР | 3.00 | 3.00 |
| 1 | 2006 | 001240 | 01 | 4048 | 000036 | Лимани И.мерзад | ПМВ ГРАНДЕ ШИРОКІ | 367800.00 | 367800.00 |
| 1 | 2006 | 001279 | 01 | 3053 | 000038 | ВЕНИКС | ПРЕПАРАТИ ЗА МЕСН | 3678.00 | 3678.00 |
| 1 | 2006 | 001637 | 01 | 2790 | 000014 | АЛФИ БИ КОМПАНИ | ТЕРМОСТАТИ, ЕЛ. ДЕ | 194679.58 | 194679.58 |
| 1 | 2006 | 001866 | 01 | | 000060 | ГИГОЦОЛДИНГ | ПМБ БМВ | 128730.00 | 128730.00 |
| 1 | 2006 | 001921 | 01 | 4049 | 000063 | кадрија ридван | ПМВ ПАСАТ | 45975.00 | 45975.00 |
| 1 | 2006 | 001948 | 01 | | 000088 | ЕКО МАРКЕТ | разна роба по фра | 10262.66 | 10262.66 |
| 1 | 2006 | 002274 | 01 | | 000080 | ХЕМ СПЕД | ФИЛТЕРИ РЕМЕНИ | 600.00 | 600.00 |
| 1 | 2006 | 002937 | 01 | 4042 | 000167 | С-ТЕЛА СПЕД | МОТОРЦИКАЛ ХУСКВ | 98715.47 | 98715.47 |
| 1 | 2006 | 003079 | 01 | 5772 | 000109 | милковска елизабета | ПМВ ПАСАТ | 91950.00 | 91950.00 |
| 1 | 2006 | 003591 | 01 | | 000133 | трајкова стојановска | ПМВ ГОЛФ | 59234.19 | 59234.19 |
| 1 | 2006 | 003637 | 01 | 004383 | 000168 | КАРПА МИСАС | разна роба по фра | 18.39 | 18.39 |

Слика 5: Пресметка на оптовареност на Гаранција според внесени износи на царински долг

На прегледот се прикажани сите стоки кои ја оптоваруваат Гаранцијата со основните податоци потребни за нивно идентифицирање, како и иницијалното и крајното оптоварување на Гаранцијата за секоја од наведените стоки. Видливо се истакнати Збирното оптоварување на Гаранцијата и износот од Гаранцијата кој е останат незадолжен.




| Склад | Година | Z број | Наим. | S број | М.број | Примач | Опис | Вредност | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2006 | 000148 | 01 | | 000022 | FAROS | RAZREDUVAC | 1206.00 | 361.80 |
| 1 | 2006 | 000689 | 01 | 004047 | 000090 | fazlija zimr | PMV | 61300.00 | 18390.00 |
| 1 | 2006 | 001170 | 01 | | 000045 | SOBIM | MANOMETRI | 10.00 | 3.00 |
| 1 | 2006 | 001185 | 01 | | 000039 | EURO HEMIKAL | ALKOHOLMATAR | 10.00 | 3.00 |
| 1 | 2006 | 001240 | 01 | 4048 | 000036 | Limani I.merzad | PMV GRANDE [IROKE | 1226000.00 | 367800.00 |
| 1 | 2006 | 001279 | 01 | 3053 | 000038 | VENIKS | PREPARATI ZA MESNA | 12260.00 | 3678.00 |
| 1 | 2006 | 001637 | 01 | 2790 | 000014 | ALFI BI KOMPANI | TERMOSTATI, EL. DEL( | 648931.94 | 194679.58 |
| 1 | 2006 | 001866 | 01 | | 000060 | GIGOXOLDING | PMB BMV | 429100.00 | 128730.00 |
| 1 | 2006 | 001921 | 01 | 4049 | 000063 | kadrija ridvan | PMV PASAT | 153250.00 | 45975.00 |
| 1 | 2006 | 001948 | 01 | | 000088 | EKO MARKET | razna roba po fra | 34208.86 | 10262.66 |
| 1 | 2006 | 002274 | 01 | | 000080 | HEM SPED | FILTERI REMENI | 2000.00 | 600.00 |
| 1 | 2006 | 002937 | 01 | 4042 | 000167 | S-TELA SPED | MOTORCIKAL HUSKVA | 329051.56 | 98715.47 |
| 1 | 2006 | 003079 | 01 | 5772 | 000109 | milkovska elizabeta | PMV PASAT | 306500.00 | 91950.00 |
| 1 | 2006 | 003591 | 01 | | 000133 | trajkova stojanovska su | PMV GOLF | 197447.30 | 59234.19 |
| 1 | 2006 | 003637 | 01 | 004383 | 000168 | KARPA MISAS | razna roba po fra | 61.30 | 18.39 |

Слика 6: Пресметка на оптовареност на Гаранција по процент од фактурна вредност

И на овој преглед се прикажани сите стоки кои ја оптоваруваат Гаранцијата со основните податоци потребни за нивно идентифицирање, како и фактурната вредност и процентуално пресметаното оптоварување на Гаранцијата за секоја од наведените стоки. Видливо се истакнати Збирното оптоварување на Гаранцијата и износот од Гаранцијата кој е останат незадолжен.

Во двата случаи е овозможено и печатење на прикажаните податоци.

Овозможено е и следење на Просечната искористенос на Гаранцијата во даден период со примена на двата наведени начини на пресметка, со просек по ден, месец или година по избор на корисникот.




| Година | Месец | Недела | Ден | Искористеност | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 07 | 27 | 01/07/2006 | 39063336.54 | -34063336.54 |
| 2006 | 07 | 27 | 02/07/2006 | 39063336.54 | -34063336.54 |
| 2006 | 07 | 28 | 03/07/2006 | 41547833.26 | -36547833.26 |
| 2006 | 07 | 28 | 04/07/2006 | 45426058.36 | -40426058.36 |
| 2006 | 07 | 28 | 05/07/2006 | 45426058.36 | -40426058.36 |
| 2006 | 07 | 28 | 06/07/2006 | 48018941.21 | -43018941.21 |
| 2006 | 07 | 28 | 07/07/2006 | 50482720.38 | -45482720.38 |
| 2006 | 07 | 28 | 08/07/2006 | 53939879.77 | -48939879.77 |
| 2006 | 07 | 28 | 09/07/2006 | 53939879.77 | -48939879.77 |
| 2006 | 07 | 29 | 10/07/2006 | 54149926.57 | -49149926.57 |
| 2006 | 07 | 29 | 11/07/2006 | 50074265.42 | -45074265.42 |
| 2006 | 07 | 29 | 12/07/2006 | 47251145.06 | -42251145.06 |
| 2006 | 07 | 29 | 13/07/2006 | 56365692.92 | -51365692.92 |
| 2006 | 07 | 29 | 14/07/2006 | 57824743.78 | -52824743.78 |
| 2006 | 07 | 29 | 15/07/2006 | 58724266.18 | -53724266.18 |

Слика 7 : Следење на искористеност на гаранција во даден период

Подетално следење на движењето на состојбата на Гаранцијата од аспект на задолжување и раздолжување на истата соодветно на движењето на стоката во Царинскиот склад е овозможено со опцијата прикажана подолу.




| Датум | Време | М.број | Склад | Година | Операција | Вредност | Вал. | Промена | Гаранција-Салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 03/07/2006 | 08:44 | 000002 | 1 | 2006 | Влез | 60887.00 | EUR | -1121538.54 | 9815124.92 |
| 03/07/2006 | 09:20 | 000003 | 1 | 2006 | Влез | 10000.00 | EUR | -183576.00 | 9631548.92 |
| 03/07/2006 | 11:41 | 000001 | 2 | 2006 | Влез | 64244.90 | EUR | -1179382.18 | 8452166.74 |
| 04/07/2006 | 09:10 | 000002 | 1 | 2006 | Излез | 60887.00 | EUR | 1121538.54 | 9573705.28 |
| 04/07/2006 | 09:58 | 000004 | 1 | 2006 | Влез | 12337.50 | EUR | -226486.89 | 9347218.39 |
| 04/07/2006 | 10:18 | 000001 | 5 | 2006 | Влез | 28770.00 | USD | -474705.00 | 8872513.39 |
| 04/07/2006 | 10:18 | 000002 | 5 | 2006 | Влез | 0.00 | USD | 0.00 | 8872513.39 |
| 04/07/2006 | 10:44 | 000003 | 5 | 2006 | Влез | 62448.36 | EUR | -1146402.02 | 7726111.37 |
| 04/07/2006 | 10:44 | 000004 | 5 | 2006 | Влез | 0.00 | EUR | 0.00 | 7726111.37 |
| 04/07/2006 | 10:44 | 000005 | 5 | 2006 | Влез | 0.00 | EUR | 0.00 | 7726111.37 |
| 04/07/2006 | 10:44 | 000006 | 5 | 2006 | Влез | 0.00 | EUR | 0.00 | 7726111.37 |
| 04/07/2006 | 11:05 | 000007 | 5 | 2006 | Влез | 69063.63 | EUR | -1267842.50 | 6458268.87 |
| 04/07/2006 | 11:05 | 000008 | 5 | 2006 | Влез | 0.00 | EUR | 0.00 | 6458268.87 |
| 04/07/2006 | 11:05 | 000009 | 5 | 2006 | Влез | 0.00 | EUR | 0.00 | 6458268.87 |

Слика 8 : Движење на Гаранција во даден период

## Извештаи и прегледи

За увид во состојбата на стоките во складот на располагање се повеќе прегледи и извештаи и тоа :

- Картица за магацински број: сите промени , корекции и услуги поврзани за еден магацински број
- Дневен извештај: преглед на извршени активности од еден или од сите вработени за ден или период
- Краен рок: преглед на сите магацински броеви кои доспеваат за искладиштување во одреден период
- Соработка со фирма: моментална или целокупна соработка со одредена фирма
- Книга на склад: краток или детален преглед на вкупна , раздолжена или нераздолжена стока која влегла во склад во даден период
- Извештај по Локации: преглед на распределеност на стока по интерните локации во складот за даден период
- Преглед по документ: опција наменета за брзо и ефикасно пронаоѓање на стока за која е применет царински документ со даден број
- Преглед по возила: опција наменета за брзо и ефикасно пронаоѓање на стока чиј прием или излез е поврзан со возило со дадена регистрација
- Преглед за период: квантитативен детален или просечен (по ден, недела, месец или година) преглед на движењето на стока низ Царинскиот склад
- Преглед по групи: опција наменета за брзо и ефикасно пронаоѓање на стоки кои биле вклучени во Групирање според даден царински број

## Приватен царински склад

Пријавувањето на стока во Приватен царински склад е прикажано на сликата подолу.




Слика 9 : Влез во Приватен царински склад

Во текот на престојот во складот врз стоката може да се извршат повеќе вообичаени форми на ракување, а врз основа на добиен царински документ. Апликацијата нуди можност за детален увид во сите промени во податоците, вклучувајќи ги при тоа и корекциите на погрешно внесени податоци. Опцијата за промени е прикажана на сликата подолу.




Слика 10 : Законски промени на стока во приватен царински склад

Исто како и кај Јавните царински складови излезот на стока може да биде еднократен или дел по дел. Доколку сопственикот не ја подига стоката веднаш овозможено е нејзино автоматско префрлање во евиденција во некој од обичните складови за заедничко чување. Опцијата за излез е прикажана на сликата подолу.




Слика 11 : Излез на стока од Приватен царински склад

И стока во Приватен царински склад може да се задолжува со дополнителни услуги според Ценовник дефиниран од складиштарот, при што за приватен склад важат посебни шифри и цени на услуги од оние за јавен или обичен склад.

Можноста за изработка на фактури и готовинска наплата со фискална сметка, како и изборот на извештаи е како и кај Јавните царински складови.

## Обичен склад (заедничко чување)

Освен со префрлање од јавен или приватен царински склад , апликацијата овозможува директен влез на стока во обичен склад . Опцијата за влез во обичен склад е прикажана на сликата подолу .




Слика 12 : Влез на стока во обичен склад

Стоката во ваков тип на склад исто како и во јавен или приватен царински склад може да се задолжува со дополнителни услуги. Услугите се дефинирани во опцијата Ценовник, при што за обичен склад важат посебни шифри и цени на услуги од оние за јавен или приватен царински склад.

Во текот на престојот во складот врз стоката може да се извршат повеќе вообичаени форми на ракување, исто како и кај царинските складови.Опцијата за промени е прикажана на сликата подолу.




Слика 13 : Промени во обичен склад

Како и кај царинските складови излезот на стока може да биде еднократен или дел по дел. На сликата подолу е прикажана опцијата за излез на стока.




Слика 14 : Излез на стока од обичен склад

## Фактурирање

Апликацијата нуди можност за автоматска изработка на фактура при излез на стоката од сите типови на склад. Изработката на фактури може да се прави и со опцијата за фактурирање. Опцијата за избор на содржина на фактура е прикажана на сликата подолу.




Слика 15 : Изработка на фактури

За изработените фактури апликацијата нуди и неколку прегледи и тоа :

- листа на изработени фактури
- листа на нефактурирани услуги
- извештај за извршена наплата

## Заштита на податоци

Како една од дополнителните опции апликацијата нуди можност за заштита на податоците по желба и потреба на корисникот. Заштитата може да се врши на медиум по избор на корисникот и е достапна во секој момент.

На сликата подолу е прикажана опцијата за правење заштита на податоци.




Слика 16 : Заштита на податоци

Во случај на губење на податоците од било која причина податоците можат да бидат вратени од заштита со истата опција прикажана погоре.